**20101182295**

## УПРАВА ЗА ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 10 точка 4, а во врска со член 81 став 2 од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/2007), директорот на Управата за ветеринарство донесува

# РЕШЕНИЕ ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПРАТКИ СО ОДДЕЛНИ ВИДОВИ ЖИВОТНИ ОД АКВАКУЛТУРА ПО ПОТЕКЛО ОД МАЛЕЗИЈА

Член 1

Се забранува увозот во Република Македонија на пратки со риба од фамилијата Cyprinidae, нивни јајца и гамети, по потекло од Малезија, и тоа:

1) жива риба од аквакултурно потекло наменета за одгледување, рибници и отворени украсни објекти, и

2) украсна риба наменета за затворени украсни објекти од видовите: Carassius auratus, Ctenopharyngodon idellus, Cyprinus carpio, Hypophthalmichthys molitrix, Aristichthys nobilis, Carassius carassius и Tinca tinca од фамилијата Cyprinidae.

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 11-2805/3
12 август 2010 година
Скопје

Директор,
**Дејан Рунтевски**, с.р.